ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-203/10**

**Дата: 23.08.2013**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии (во натамошниот текст министерство), сметка на основниот буџет (631) за 2012 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи за 2007 година, за кои е изразено мислење со резерва за реалноста и објективноста на Билансот на состојба и за резултатот од финансиските активности за годината што завршува со тој датум и изразено е мислење без резерва за законското и наменското користење на средствата.

При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што е констатирано дека дадената препорака е спроведена.

За финансискиот извештај Биланс на состојба на Министерството за финансии за 2012 година изразивме мислење со резерва, за Билансот на приходи и расходи изразивме мислење без резерва, како и мислење без резерва за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

---

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

______________________ ___________________________

______________________

______________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 7-9 заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии, сметка на основниот буџет (631) за 2012 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи за 2007 година, за кои е изразено мислење со резерва за реалноста и објективноста на Билансот на состојба и за резултатот од финансиските активности за годината што завршува со тој датум и изразено е мислење без резерва за законското и наменското користење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- м-р Зоран Ставрески, министер од 11.07.2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Министерство за финансии/сметка на основниот буџет (631) за 2012 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се заснована врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на

ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали е резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.03.2013 до 31.05.2013 година кај Министерство за финансии, сметка на основниот буџет (631) за 2012 година од тим на Државниот завод за ревизија

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година-спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година. Дадената препорака е спроведена (Преглед 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот, предмет на ревизија на ден 11.06.2013 година.

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1. Со ревизија на евидентираните градежните објекти со состојба на 31.12.2012 година во вкупен износ од 76.372 илјади денари, констатирани се следните состојби:

- за градежните објекти во вкупен износ 50.657 илјади денари на ревизијата и беа презентирани документи за сопственост/имотен лист во кои носител на правото на недвижностите/правото на користење е министерството;
- за градежните објекти во вкупен износ од 25.715 илјади денари на ревизијата и беа презентирани документи за сопственост/имотен лист во кои носител на правото на недвижноста/право на користење не е министерството. За овие градежни објекти министерството располага со докази за сопственост/право на користење (договори за купопродажба, фактури за извршени плаќања, одлуки на Влада на РМ), но не се превземени потребните активности за запишување на правото на користење на недвижностите на министерството, што не е во согласност со Законот за катастар на недвижности и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;

Наведените состојби предизвикуваат неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на искажаните податоци во Билансот на состојба.

**Препорака:**
Одговорните лица во министерството да превземат мерки и активности за обезбедување на потребните документи за запишување на правото на користење на недвижните ствари.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупните ефекти од изнесените констатации во точката 4.1. чие влијание се одрази врз изденото мислење од страна на ревизијата е не обезбедени документи за запишување на правото на користење на недвижните ствари на министерството.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1., Билансот на состојба ги прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерство за финансии на ден 31 декември 2012 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во Билансот на приходи и расходи е во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 6,295 | 3,661 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 25,643 | 39,512 |
| **Вкупно приходи** | | **31,938** | **43,173** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.3.1. | 518 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 20,035 | 6,370 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.3. | 1,191 | 10,766 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **21,744** | **17,136** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.4. | 8,970 | 394 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **8,970** | **394** |
| **Вкупно расходи** | | **30,714** | **17,530** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **1,224** | **25,643** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **1,224** | **25,643** |

*Ревизорски тим* ______________________ ______________________ ______________________

*Овластен државен ревизор* ______________________

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1,224 | 25,643 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 144 | 144 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 1,968 | 149 |
| Залихи | | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **3,336** | **25,936** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 2,742 | 0 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 82,730 | 73,870 |
| **Вкупно постојани средства** | | **85,472** | **73,870** |
| **Други средства** | 4.2.1. | **35** | **71** |
| **Вкупна актива** | | **88,843** | **99,877** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1,862 | 146 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 1 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 0 | 3 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 105 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 1,368 | 25,787 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **3,336** | **25,936** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 85,472 | 73,870 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **85,472** | **73,870** |
| **Извори на други средства** | 4.4.2. | **35** | **71** |
| **Вкупна пасива** | | **88,843** | **99,877** |

*Ревизорски тим* ____________________ ____________________ ____________________

*Овластен државен ревизор* ____________________

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен - јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Извори на други средства | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **73,870** | **-** | **71** | **73,941** |
| **Зголемување по основ на:** | **12,861** | **-** | **4** | **12,865** |
| Набавки | 8,970 | - | - | **8,970** |
| Ревалоризација | 3,891 | | 4 | |
| **Намалување по основ на:** | **(1,260)** | **-** | **(39)** | **(1,299)** |
| Амортизација на постојани средства | (1,260) | - | (39) | **(1,299)** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **85,471** | **-** | **36** | **85,507** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

______________________ ______________________

______________________

______________________